Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22-09-2017 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 43-6027/1 | | | |


**До:**
**Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**
**Одделение за соработка со невладини организации**
Бул. Илинден бр. 2,
1000 Скопје

Почитувани,

Согласно вашиот повик за активен придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, во прилог Ви доставуваме " Нацрт идејни решенија за промени во делот на Катастарот и општо на Геодезијата во Република Македонија", во кој се вметнати и предвидените реформи на новата Влада во оваа област, согласно Владината програма.

Ние долупотпишаните како експерти во областите на геодезијата, картографијата, катастарот и геоинформатиката, сметаме дека реформите во областа на Катастарот и Геодезијата се клучни не само за матичнта институција - Агенцијата за Катастар на недвижности (како една од клучните институции во управувањето со Гео просторните податоци во Македонија), туку општо за владиниот, невладиниот и приватниот сектор во Р.Македонија, како еден од основните предуслови за подобрување на социјалните и економските аспекти во државата и приближување кон Европското семејство преку исполнување на глобалните и Европски стандарди во горенаведените области.

Во врска со наведените точки во приложениот документ, би сакале да нагласиме дека сме отворени за соработка со Вас и со сите релевантни субјекти во РМ и стоиме на располагање за било какво дообјасување или образложување на работите кои се наведени во приложениот документ.

Со почит.

Прилог: Нацрт идејни решенија за промени во делот на Геодезијата и Катастарот

**Скопје, Септември 2017 год.**

# **И З Ј А В А**

Ние подолу потпишаните, изјавуваме дека сме согласни документот "Нацрт идејни решенија за промени во делот на Геодезијата и Катастарот", доставен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да биде јавно објавен на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации.

**Скопје, Септември 2017 год,**


М-р Никола Рибароски, дипл.геод.инж.

Проф. Д-р Башким Идризи, дипл. геод. инж.

Јана Белчева- Андреевска, дипл.ел.инж., консултант за ИТ и ГИС

**Нацрт идејни решенија за промени во делот на Геодезијата и Катастарот**

1. Промени во фунционирањето на надлежната институција АКН

- Подигнување на нивото на АКН од агенција во управа која ќе обезбедува геопросторни информации, но и која ќе врши квалитативна контрола пред службена употреба на податоците. Ова особено се однесува на податоците кои се развиваат во институциите, а не подлежат на контрола од надлежен орган како во однос на квалитетот, така и во однос на запазување на стандардите за интероперабилност, поради што во минатото голем број на податоци не ги исполнуваа предвидените законски стандарди.
- Имплементирање на Европската директива ИНСПИРЕ и Адресниот Регистар до 2020година, при што АКН ќе ги превземе сите управувачки функции кон чинителите (државни, локални и деловни субјекти кои земаат учество). На тој начин ќе дојде до подобрување на меѓуинституционалната соработка.
- Институцијата да стане сервис на граѓаните, приватниот сектор, владините институции, невладиниот сектор и образовните институции, а не да биде нивен конкурент. Конкурентноста како негативна појава е дефинирана и во стратешкиот план на АКН.
- Поддршка и поттикнување на национални здруженија за геодезија, картографија и геоинформации, како партнери за заедничка работа, почитувајќи ги праксите на државите на ЕУ.
- Развивање на картографијата и ставање филтер за сите картографски производи во Македонија, со примена на одредбите за авторски права над картографските производи и геопросторните податоци во сите облици, како што е регулирано во земјите на ЕУ.
- Формирање на центар (во рамките на институцијата) за техничка контрола (калибрација) на инструментите. Во моментот нема законски одредби во врска со техничката контрола на геодетските инструменти кои се користат за мерења.

2.Суштински предлог-измени на Законот за Катастар на Недвижности и креирање на нови закони

- Категоризација на геодетските работи согласно новите трендови во Македонија и на глобално ниво, како и изнаоѓање на модул за одвојување на сите Геодетски работи од постоечкиот закон, бидејќи моменталната категоризација не одговара на новите работи и новата технологија, а постојат делови кој не се опфатени, ниту регулирани со било каков Закон или подзаконски акт. Со вакво решение ќе се покријат сите геодетски области во рамките на една институција, бидејќи во моментот има области на геодезијата кои не се покриени од ниедна државна институција.

- Поделба на постоечкиот закон на неколку закони, дел за постапките пред Катастарот, дел за Агенцијата и Комората. На таков начин би се зголемила ефективноста на законите (иницијативата е отпочната, но постапката не е сеопфатна и со многу практични слабости). Веднаш и неодложно прекинување на сите видови оперативно – геодетски работи на Агенцијата за Катастар на недвижности, согласно измените на законот од 2005 год., освен за најзагрозената категорија на граѓани со строго дефинирани правила на работа. Со ова ќе се вратат ингеренциите во приватниот сектор, кои беа одземени од АКН со законските измени во 2010-2013година.
- Редефинирање на приватните геодетски компании, како еден вид испостави (шалтри) на Агенцијата за Катастар на недвижности, бидејќи тоа беше наведено во стратешкиот план на Агенцијата за Катастар на недвижности, со поддршка на Светска Банка. Со ова ќе се постигне ефикасност на услугите кон граѓанте и елиминирање на редиците во катастарските шалтери.
- Ажурирањето на катастарската база на податоци со комбинација на премер, поради тоа што за одредени делови од територијата на Р. Македонија, катастарот на недвижности е стапен на сила не суштински и не квалитативно. Денес граѓаните имаат огромни проблеми со нивните имоти, а приватните геодетски фирми не можат да решат голем број на предмети.
- Во новиот/те закон/и, да се предвиди едно или повеќе места во УО на АКН за претставник од Комората. Со ова приватниот сектор ќе има непосреден увид во работењето и одлучувањето на АКН.
- Изнаоѓање на начин и решение за огромната манипулација, која ја спроведува АКН во врска со тарифникот за надомест на извршените услуги. И тарифникот за Приватните фирми треба да се измени (бришење на можноста за намалување до 50%, која како законска можност се злоупотребува). Трендот треба да е зголемување на цените на услугите на приватните компании за сметка на услулите на Агенцијата, со што ќе се даде импулс на приватниот сектор кој ќе го подигне квалитетот на своите услуги.
- Изнаоѓање на начин за отстранување на манипулацијата која се спроведува со намерно заобиколување на член 146 од постоечкиот закон (толкување на правниот основ), парелелно со тоа и изнаоѓање начин за зголемување на образованието на персоналот кој работи во Одделенијата на Катастарот. Ова е основата на оштетувањето на семејниот буџет на граѓаните!
- Итна промена на казнената политика и промена на структурата на Контролните органи над приватните геодетски компании. Со ова ќе се укине политиката на АКН за пресметување со неистомислениците преку т.н. Внатрешна контрола на Агенцијата.
- Законска промена на структурата на УО на Комората. Советодавна улога на членовите од Агенцијата за Катастар на недвижности во УО, но без право на глас.

3.Воспоставување на соработка со сите релевантни субјекти од владиниот и невладиниот сектор со цел Заживување на Геодетскиот еснаф.

- Интервенција во Законот за Градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање, со можност за зголемени ингеренции на Геодетите, зголемеување на обемот на работа, како и избегнување на манипулацијата, која се прави со сите градежни објекти (објект Космос, и др.)
- Поддршка за формирање на Здружение на Геодетите на Македонија, бидејќи Македонија е единствена држава која нема здружение и застапник во ФИГ (меѓународната федесрација на геодетите).
- Изнаоѓање на еднозначно решение, за обединување или строго разграничување на Оваластувањата од Комората на Инжeнери со овластувањата од Агенцијата за Катастар на Недвижности. Поради ова, функционалноста на АКН треба да се промени суштински, за да може да одговара на сите геодетски и други обврски.
- Воспоставување на отворена и професионална соработка со сите компании кои работат во секторот за ГИС, поддршка на ИТ компаниите со геодетски стручни лица, а со цел подигање на квалитетот на податоците и стандардите.

Септември 2017, Скопје

М-р Никола Рибароски, дипл.геод.инж.

Проф. Д-р Башким Идризи, дипл. геод. инж.

Јана Белчева- Андреевска, дипл.ел.инж., консултант за ИТ и ГИС

Контакт:
Email: nikola_ribarovski@yahoo.co.uk
Тел: 070/ 384- 099